**ЛИПОМ НА ОВАРИУМ - КТ ЕВАЛУАЦИЈА (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ)**

*Кусакатски С., Штерјовска-Алексовска А., Пргова Б, Зафиров М.*

*Радиолошко одд.-Воена болница-Скопје, Факултет за медицински науки-Универзитет „Гоце Делчев"-Штип.*

Оваријалните липоми се редок нозолошки ентитет, особено изолираните. Почесто се јавуваат во состав на тератоми или се асоцирани со хиперандрогена состојба. Сепак, во случајот се презентирани изолирани оваријални липоми, како раритетни бенигни тумори на оваријумот, кај жена на 66 годишна возраст со повремена нејасна нелагодност во долниот дел од абдоменот. Пациентката се јавила на гинеколошки преглед, на кој со ултразвучен преглед се констатирани две ту-формации на левиот оваријум. Индицирана и реализирана е компјутеризирана томографија на абдомен и мала карлица. На направената серија на КТ пресеци евидентиран е уреден наод на паренхиматозните органи на абдоменот. Десниот оваријум се презентира со уредни КТ карактеристики, а на левиот има две формации со дензитет на масно ткиво-липоми. Во внатрешноста на липомите се забележуваат фиброваскуларни септуми. Димензиите на помалиот липом се 0,8 x 0,6 cm, а на поголемиот- 6,5 x 5,5 cm и истиот врши компресија на утерусот и сигмоидниот колон. После поставената дијагноза, липомите се хируршки отстранети, а патохистолошката дијагноза во целост корелира со радиолошката. Со пребарување низ научната литература, се пронајдоа случаи на асоцирани липолејомиоми или тератоми, но не се пронајдоа документирани случаи на изолирани „чисти" липоми на оваријум, што оди во прилог на нивен ексклузивен раритет.